**2024037919**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36, став (3) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11,15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 февруари 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ ВО ПОТПРОГРАМА ДА-ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА, СТАВКА 464-РАЗНИ ТРАНСФЕРИ ВО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/23), утврдени во Раздел 130.01 Министерство за транспорт и врски, во Потпрограма – ДА Инвестиции во железничката инфраструктура, Ставката 464 – Разни трансфери која е зголемена за 151.000.000 денари ќе се користат наменски за испалта на плати и надоместоци од плата на вработените, како и плаќање на обврски кон останати добавувачи на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

Член 2

Се задолжува Министерството за транспорт и врски, средствата од член 1 на оваа одлука да ги префрли на посебна наменска сметка на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

Член 3

Се задолжува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, да достави извештај за наменско користење на средствата од член 1 на оваа одлука до Министерството за транспорт и врски во рок од еден месец по исплатата.

Член 4

Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, распределените средства од член 1 на оваа одлука треба да ги користи за намената предвидена во членот 1 од оваа одлука, во спротивно Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје има обврска да ги врати и уплати средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2385/3
13 февруари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.